Финансирано од
Европска Унија

Проектот е ко-финансиран од Шведска

# ГЛАСОВИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ

## Жените во процесите на локалното планирање и одлучување



Декември, 2025

**ГЛАСОВИТЕ ШТО НЕДОСТИГААТ**

**Жените во процесите на локалното планирање и одлучување**

Публикацијата е изготвена од Организација на жени од Струмица во рамки на доделениот грант за спроведување на проектот „Жените - Двигатели на промени во заедниците“, кој е дел од проектот „Жените го преземаат водството во локалните заедници“, реализиран од The Kvinna till Kvinna Foundation, Здружение за унапредување на родовата еднаквост - Акција Здруженска и Хуманитарното Здружение „Мајка“ - Куманово, а финансиски поддржан од Делегацијата на Европската Унија и ко-финансиран од Шведска.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА | 1 |
| 2. КЛУЧНИ НАОДИ | 2 |
| 3. РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ И РАСПРЕДЕЛБА НА МОЌТА ВО ЛОКАЛНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ | 4 |
| 4. НАОДИ СПОРЕД ОПШТИНИ | 6 |
| 4.1 Општина Струмица | 6 |
| 4.2 Општина Босилово | 10 |
| 4.3 Општина Ново Село | 13 |
| 5. ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ | 15 |
| 6. ПРЕПОРАКИ | 17 |

## 1. ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Создавањето инклузивни и ефективни локални политики е невозможно без активно и рамноправно учество на жените во процесите на планирање и донесување одлуки. Иако граѓанското учество на локално ниво претставува најдиректна форма на демократија, во општините Струмица, Босилово и Ново Село жените остануваат системски исклучени од консултативните процеси и од структурите на локалното одлучување.

И покрај постоењето на национална законска рамка која предвидува механизми за граѓанско учество[1] и унапредување на родовата еднаквост[2], нивната примена на локално ниво е ограничена и неефикасна. Недостасува еднакво учество на жените и мажите во процесите на планирање, како и систематска анализа на родово диференцираните потреби и влијанија од локалните политики и програми.

Податоците од општините во струмичкиот регион укажуваат на изразена родова нееднаквост во полето на одлучување и влијание. Иако жените се речиси подеднакво застапени во вкупното население, нивното учество во советите на општините, а особено во телата на месната самоуправа, е значително пониско. Претседателските и раководните позиции се доминантно машки, а месните заедници – таму каде што постојат, се нефункционални или недоволно активни за поттикнување пошироко граѓанско учество.

Покрај структурните и институционалните ограничувања, постојат и длабоко вкоренети општествени норми и практики кои го отежнуваат активното учество на жените во јавниот живот и во локалните процеси на одлучување. Овие фактори придонесуваат кон ограничена видливост на женските перспективи во локалните политики и ја намалуваат нивната способност да одговорат на реалните потреби на заедниците.

Во овој контекст, анализата се фокусира на идентификување на клучните бариери и ограничувања со кои се соочуваат жените, како и на предизвиците со кои се соочуваат општинските администрации при поттикнување на женското учество во консултативните процеси. Целта е да се обезбедат докази и насоки за унапредување на локалните консултативни практики, и за зголемување на активното учество на жените во развојот на локалните политики и процесите на донесување одлуки.

За потребите на анализата, активистки – соработнички на Организацијата на жени од Струмица, во периодот мај – јули 2025 година, реализираа теренско (лице во лице) анкетирање со 500 жени кои живеат на териториите на општините Струмица, Босилово и Ново Село: 300 во Општина Струмица, и по 100 во општините Босилово и Ново Село. Прашањата беа од отворен - неструктуриран формат, за да им овозможат на испитаничките целосно да ги изразат своите размислувања и ставови и за да се генерираат квалитативни податоци.

Во периодот август – септември 2025 година, Организацијата на жени од Струмица реализираше интервјуа со пет лица – вработени во општинските администрации во општините Струмица и Босилово. И покрај преземените напори, не беа остварени разговори со вработените во Општина Ново Село, поради отсуство на согласност од градоначалникот на општината за спроведување ваков вид активности.

Дополнително, по завршувањето на локалните избори и формирањето на новите локални власти, беше спроведена анализа на родовата застапеност и распределбата на моќ во локалните структури на одлучување во трите општини.

Оваа активност се реализираше во рамки на проектот „Жените – Двигатели на промени во заедниците“, спроведуван од Организација на жени од Струмица.

[1] Закон за локална самоуправа; https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/zakonii-file-1bsL.pdf
[2] Закон за еднакви можности на жените и мажите; https://www.caa.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Zakon-za-ednakvi-moznosti-na-zenite-i-mazite-precisten-tekst.pdf

## 2. КЛУЧНИ НАОДИ

Клучните наоди произлегуваат од компаративната анализа на податоците добиени од анкетните прашалници со жени во општините Струмица, Босилово и Ново Село, како и од разговорите со општинските службеници (таму каде што имапе согласност). Анализата овозможува идентификување на заеднички обрасци, но и на специфични разлики меѓу општините, кои се од значење за разбирање на состојбата со женското учество во локалните процеси на планирање и одлучување.

### 2.1. Ниско и нерамномерно учество на жените во локалните консултативни процеси

Во сите три општини евидентирано е ниско и несистемско учество на жените во процесите на граѓански консултации и локално одлучување. Иако формално постојат механизми за учество (јавни собири, форуми во заедницата, отворени денови за буџетирање), тие ретко се доживуваат како пристапни, релевантни и инклузивни за жените, особено за оние од руралните средини.
Жените ретко се вклучени во континуирани консултативни процеси, а нивното учество најчесто се сведува на еднократни настани, без можност за следење на резултатите и влијанието од нивниот ангажман. Ова придонесува кон засилување на чувството на маргинализација и на перцепцијата дека нивниот глас нема суштинска тежина во процесите на донесување одлуки.

### 2.2. Недоволната информираност како клучна системска бариера

Недоволната и несоодветна информираност на жените се наметнува како една од најзначајните и најконзистентни бариери во сите три општини. Најголем дел од жените не се информирани за:

- Консултациите што ги организираат општините,
- Механизмите за граѓанско учество,
- Можностите за директна комуникација со локалните власти.

Информирањето најчесто се одвива преку канали кои не се еднакво достапни за сите жени, особено за повозрасните и за жените од руралните средини. Ова укажува дека информирањето не е приспособено на различните социјални и животни контексти на жените, што директно го ограничува нивното учество.

### 2.3. Временски, семејни и економски ограничувања како структурни пречки

Во сите три општини, грижата за домот, децата и другите членови на семејството се идентификува како значајна пречка за женското учество. Комбинирањето на платената и неплатената работа, заедно со ограничените економски ресурси, го намалува расположливото време и капацитетот на жените за вклучување во јавниот живот.
Овие ограничувања се особено изразени кај жените од руралните средини и кај самохраните мајки, што укажува дека формалната еднаквост во пристапот до консултации не значи и реална еднаквост во можностите за учество.

### 2.4. Културолошки норми, страв од осуда и автоцензура

Културолошките норми и традиционалните родови улоги и натаму имаат силно влијание врз подготвеноста на жените да се вклучат во јавни и политички процеси. Стравот од осуда, негативни реакции од околината и етикетирање често се присутни кај жените од сите возрасни групи, а особено кај помладите жени и девојки.
Овие притисоци резултираат со автоцензура и повлекување од јавниот простор, дури и кај жени кои изразуваат интерес и мотивација за учество. Наодите укажуваат дека бариерите не се исклучиво индивидуални, туку се длабоко вкоренети во поширокиот социјален и културен контекст.

**2.5. Ограничени институционални капацитети и несистемски пристап**

Од институционална перспектива, во сите општини се идентификуваат ограничени човечки и финансиски ресурси за системско поттикнување на женското учество. Отсуството на јасно дефинирани и систематизирани работни позиции за еднакви можности, недостигот од родово разделени податоци и ниското ниво на родова сензитивност кај дел од вработените и носителите на одлуки ја ограничуваат можноста за креирање политики базирани на реалните потреби на жените.

Дополнително, консултативните процеси најчесто не се дизајнирани со родова перспектива, што резултира со нивна недоволна приспособеност на животните услови и обврските на жените.

**2.6. Селективна соработка и условена примена на принципите на родова еднаквост**

Анализата укажува на постоење селективен пристап во соработката со граѓанските организации, особено со локалните женски организации. Во дел од општините забележлива е ограничена или прекината соработка со локални женски актери, при што како образложение се наведува чувствителноста на јавноста кон терминологијата поврзана со родовата еднаквост.

Едновремено, истите принципи и концепти се прифаќаат во рамки на соработка со меѓународни партнери, како и во изработка на стратешки и програмски документи. Ваквата селективна примена придонесува кон:

- Исклучување на локалните женски гласови од консултативните процеси,
- Намалување на довербата меѓу женските организации и институциите,
- Дополнително продлабочување на јазот меѓу формалните заложби и реалната практика.

**2.7. Улогата на граѓанските организации клучен, но недоволно искористен ресурс**

Наодите јасно укажуваат дека граѓанските организации, особено женските, претставуваат клучен посредник меѓу институциите и жените во заедниците. Тие имаат капацитет за:

- Информирање и мобилизација,
- Градење доверба,
- Артикулирање на потребите на жените,
- Поддршка на институциите во дизајнирање поинклузивни политики.

## 3. РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ И РАСПРЕДЕЛБА НА МОЌТА ВО ЛОКАЛНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ

### 3.1. Демографска структура и формална застапеност

Во општините Струмица, Босилово и Ново Село, жените и мажите се речиси подеднакво застапени во вкупното население[3] (Табела бр.1). Меѓутоа, оваа демографска рамнотежа не се рефлектира во структурите на локалното одлучување. И покрај сличната процентуална застапеност во вкупниот број на населението, жените значително заостануваат во пристапот до позиции на моќ и влијание на локално ниво.

Јазот меѓу демографската структура и институционалната застапеност укажува на постоење структурни и системски ограничувања кои го попречуваат рамноправното учество на жените во локалното управување.

Табела 1: Вкупен број и полова структура на население во општините Струмица, Босилово и Ново Село

| Општина | Вкупно население | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| **Струмица** | 49.995 | 25.294 | 24.701 |
| **Босилово** | 11.508 | 5.651 | 5.857 |
| **Ново Село** | 6.972 | 3.469 | 3.503 |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

### 3.2. Застапеност на жените во Советите на општините

Советите на општините се клучни тела на локално одлучување, каде се носат одлуки за развојните приоритети, буџетите и програмите кои директно влијаат врз квалитетот на живот во заедниците. Податоците покажуваат дека родовата застапеност во овие тела е нерамномерна и не ја одразува демографската структура на населението.

Во Советот на општина Струмица, органот кој носи клучни локални одлуки, жените сочинуваат 43,5% од вкупниот број советници, наспроти 56,5% мажи. Иако ова претставува релативно повисоко ниво на застапеност во споредба со другите општини во регионот, бројот на жените и натаму е помал во однос на мажите.

Состојбата е уште понеповолна во општините Босилово и Ново Село, каде жените се застапени со само околу една третина од вкупниот број советници. Ова укажува на ограничен пристап на жените до формалните структури на локалното одлучување, особено во помалите и руралните општини.

Дополнително, претседателските позиции во советите на сите три општини се исклучиво машки, што значи дека и таму каде што жените се формално застапени, тие ретко се наоѓаат на позиции со зголемено влијание врз програмата, динамиката и конечните одлуки на советите.

### 3.3. Извршна власт: концентрација на одлучувачката моќ

Родовата нерамнотежа е уште поизразена во извршната власт на локално ниво. Со сите три општини – Струмица, Босилово и Ново Село, раководат мажи градоначалници.

Оваа концентрација на моќ има директни импликации врз процесите на креирање политики, дефинирање приоритети и интеграција на родовата перспектива во локалното управување.

### 3.4. Месна самоуправа: Најниско ниво на практикување на партиципативна демократија и највисока родова нееднаквост

Најизразената родова нееднаквост се забележува во телата на месната самоуправа, кои претставуваат основен механизам на партиципативна демократија и директно учество на граѓаните во локалното одлучување.

Во општина Струмица нема ниту една жена претседателка на урбана или месна заедница. По спроведените избори за членови и претседатели во осум урбани и 17 месни заедници, на почетокот на декември 2025 година, со месната самоуправа раководат 25 мажи и ниту една жена. Жените сочинуваат само 10,3% од членовите на советите на месните заедници. Од вкупно 194 членови, само 20 се жени – од кои 19 се членки на советите во осум урбани заедници во градот Струмица и само една жена во рурална месна заедница.

Во општина Босилово не постојат месни заедници, додека во општина Ново Село тие не се функционални.

Ваквата состојба дополнително ги ограничува можностите за организирано, континуирано и институционализирано учество на жените во локалните процеси на планирање и одлучување.

### 3.5. Импликации од нерамномерната распределба на моќта

Ниската застапеност на жените во локалните структури на одлучување укажува на системска нерамнотежа во распределбата на моќта и влијанието. Ова не е само прашање на формална еднаквост, туку има директно влијание врз квалитетот, инклузивноста и одржливоста на локалните политики.

Ограниченото учество на жените значи дека нивните потреби, искуства и приоритети ретко се систематски земени предвид во процесите на планирање и распределба на јавните ресурси. Ова ја нагласува потребата од унапредување на консултативните практики и создавање услови за поактивно и побројно учество на жените на сите нивоа на локалното одлучување.



[3] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија; Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија – 2021; https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.10-mk-en.pdf

# 4. НАОДИ СПОРЕД ОПШТИНИ

## 4.1 Општина Струмица

### 4.1.1 Перцепции и ставови на жените

Во рамки на квалитативната анализа во Општина Струмица спроведени се 300 теренски анкетни прашалници со жени, од кои 86 во градот Струмица и 214 во руралните средини. Повеќе од половина од испитаничките имаат средно, а приближно 30% високо образование. Најзастапена возрасна група се жените од 35 до 44 години (32%), потоа од 25 до 34 години (21%), додека најмалку се застапени жените над 64 години (1,3%) (Табела бр. 2).

Табела 2: Возрасна структура на испитанички во Општина Струмица

| Возраст | 18 - 24 | 25 - 34 | 35 - 44 | 45 - 54 | 55 - 64 | над 64 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 44 (14,7%) | 63 (21%) | 96 (32%) | 59 (19.6%) | 34 (11,4%) | 4 (1,3%) |

***Мотивации за вклучување во женски активизам***

Анализата покажува дека мотивациијата за вклучување во активности за унапредување на положбата на жените се разликува според возраста и животниот контекст на испитаничките. Помладите жени (18–34 години) како значаен поттик ги наведуваат позитивните примери на жени кои преку својот активизам придонеле за општествени промени и за рушење на стереотипите поврзани со „нетипични“ професии за жени. Кај оваа група доминира интересот за стекнување нови знаења и вештини преку едукација, особено во областа на женските права, дигиталните алатки и можностите за економско зајакнување.

Жените на возраст од 35 до 44 години најчесто ја истакнуваат желбата за позитивни промени во статусот и улогата на жената во семејството, заедницата и општината, како и потребата од надминување на традиционалните и патријархалните ставови. Кај повозрасните испитанички мотивацијата е поврзана со можноста за пренесување лични искуства и знаења на помладите генерации, како и дружењето и меѓусебната поддршка.

*„Дружењето и поврзувањето со други жени кои имаат слични интереси и вредности ми дава чувство на заедништво и поддршка. Така се охрабрувам да верувам дека промените се можни.“* (испитаничка, 30–39 години)

За сите возрасни групи заеднички е силно изразениот став дека меѓусебната поддршка, женската солидарност и чувството на заедништво претставуваат клучен поттик за ангажман. Повеќе од две третини од испитаничките ја истакнуваат желбата за рамноправност, подеднакво вреднување, и можност нивниот глас да биде слушнат и почитуван во заедницата.

***Бариери и притисоци за учество***

Наодите укажуваат дека бариерите за вклучување во женски иницијативи и консултации за локални политики се бројни и меѓусебно поврзани. Најчесто посочени пречки се недостатокот на слободно време, недоволната информираност и стравот од осуда од околината. Речиси половина од испитаничките наведуваат дека поради комбинирањето на платената работа со неплатената грижа за домот, децата и постарите членови на семејството, немаат време за дополнителен ангажман.

Недоволната информираност се јавува како значајна системска бариера. Над 90% од жените наведуваат дека немаат информации за консултациите што ги организира општината, додека кај околу една третина постои перцепција дека и граѓанските организации не вложуваат доволно напори за навремено и разбирливо информирање на жените за можностите за нивно вклучување. Недостатокот на информации, според исказите, придонесува кон чувството дека институциите немаат сензибилитет за потребите на жените.

Стравот од осуда и негативни реакции од околината е особено изразен и претставува силен демотивирачки фактор. Околу две третини од испитаничките наведуваат дека се воздржуваат од учество поради страв од тоа „што ќе кажат другите“, перцепцијата дека ваквите активности не се „женска работа“, како и стравот од нарушување на сопствениот углед во заедницата.

*„Се плашам од реакциите на околината – што ќе кажат другите ако одам на собири и дали ќе мислат дека се мешам во нешто што не е ‘моја работа’. Тој страв ме држи на дистанца, иако имам желба да се вклучам.“* (испитаничка, рурална средина)

Овие притисоци се присутни кај жените од сите возрасни групи и од сите средини, при што загрижува фактот што и значителен дел од младите жени (18–24 години) се соочуваат со ограничувања, најчесто од страна на семејството. Традиционалните норми и предрасудите за улогата на жената и понатаму имаат силно влијание врз можностите на девојките и жените за активно учество во јавниот живот.

*„Кога сакав да се вклучам во активност организирана од жени во мојата заедница, мојата мајка ми рече дека не треба да се ‘занимавам со политики’. Тоа ме обесхрабри.“* (испитаничка, 18–24 години)

***Потреби за поддршка и услови за поголема сигурност***

Жените јасно ги артикулираат условите под кои би се чувствувале посигурно и охрабрено да се вклучат во женскиот активизам и во консултациите што ги организира општината. За околу една третина од испитаничките, неопходна е поддршка поврзана со грижата за децата и домашните обврски.

Повеќе од половината жени истакнуваат потреба од јасни, навремени и достапни информации за можностите и механизмите за учество во консултативните процеси. При тоа, се забележуваат разлики во преферираните канали за информирање, зависно од возраста.

За околу 50% од испитаничките, поддршката од семејството и околината е клучна за нивното вклучување. Речиси сите жени потенцираат дека е неопходно општината да обезбеди безбеден и инклузивен простор во кој тие ќе можат слободно да ги изразат своите ставови, без страв од осуда.

*„Потребни се редовни средби само со нас, жените, каде што ќе можеме слободно да зборуваме без осуда. Тоа би ме охрабрило да се вклучам и да дадам придонес.“* (испитаничка, 35–44 години)

Дополнително, испитаничките укажуваат дека активностите на женските граѓански организации треба да бидат приспособени на нивното слободно време, да се одржуваат редовно, и да ги земаат предвид интересите и потребите на различните возрасни групи.

***Очекувања од општината и женските организации***

Наодите покажуваат дека жените очекуваат поактивна, директна и континуирана комуникација со општината. Над две третини од испитаничките сметаат дека посебни средби и консултации со жени, како и обезбедувањето соодветен простор за женски активности во локалните заедници, би имало значаен позитивен ефект врз нивната подготвеност за вклучување.

Околу една четвртина од жените наведуваат дека би биле мотивирани да се вклучат доколку видат конкретни резултати и промени што произлегуваат од општинските процеси, односно доколку почувствуваат дека нивниот глас е слушнат и вреднуван подеднакво како и гласот на мажите.

*„Општината може да направи многу ако почне да вклучува жени од различни средини и возрасти, а не само мажи и партиски активни. Сакаме еднаква шанса да бидеме слушнати и почитувани.“* (испитаничка, рурална средина)

Во однос на женските граѓански организации, испитаничките укажуваат на потребата од поголема видливост и развивање поефикасни механизми за информирање и мобилизација на жените, особено на локално ниво. Континуираната теренска комуникација, директниот контакт и приспособувањето на активностите кон специфичните услови во заедниците се препознаваат како клучни за зајакнување на довербата и поттикнување на поголемо женско учество.

### 4.1.2 Перцепции и ставови на општинските службеници

Разговорите со вработените во општинската администрација во Општина Струмица укажуваат на свесност за ниското и недоволно континуирано учество на жените во процесите на граѓански консултации и локално одлучување. Според нивните согледувања, во последните две до три години вклученоста на жените се одвивала претежно преку учество во форумите во заедницата организирани од општината, што се оценува како недоволно за системско и суштинско учество на жените во креирањето на локалните политики.

Дополнително, се посочува дека на форумите, од руралните средини најчесто учествуваат претседателите на месните заедници, кои во најголем дел се мажи. Ваквата практика, според службениците, резултира со ограничен пристап до женските перспективи и потреби, и ја нагласува потребата од воведување поинклузивни консултативни механизми. Во овој контекст, како позитивна практика се истакнуваат посебните консултации со жени спроведени во 2022 година, во соработка со Организацијата на жени од Струмица, кои според соговорниците, овозможиле подиректно и поавтентично согледување на приоритетите и проблемите со кои се соочуваат жените во локалните заедници.

***Бариери за женското учество***

Општинските службеници идентификуваат повеќе меѓусебно поврзани бариери што го ограничуваат активното учество на жените во граѓанските консултации. Како значаен фактор се посочуваат економските ограничувања, особено кај жените од руралните средини, кои немаат финансиски можности за редовно присуство на настани организирани во градот.

Покрај економските, службениците укажуваат и на силно изразени културолошки бариери, при што патријархалните норми и традиционалните родови улоги и натаму доминираат, особено во селските средини. Грижата за децата, старите и домот се препознава како дополнителна структурна пречка што ги ограничува можностите на жените за учество во јавниот живот. Како одговор на овие ограничувања, дел од службениците сметаат дека  поефикасно е институциите да излезат „на терен“, односно да ги доближат консултациите до самите заедници, преку неформални средби и директна комуникација. Ова истовремено може да придонесе кон градење доверба и подобро разбирање на локалниот контекст.

***Институционални капацитети и ограничувања***

Наодите укажуваат на постоење сериозни институционални предизвици што влијаат врз можностите за системско поттикнување на женското учество. Според службениците, во општинската систематизација не постои посебно работно место – координатор/ка за еднакви можности, при што оваа функција најчесто се извршува како дополнителна обврска, без соодветни ресурси и јасен мандат. Ова, според нив, упатува и на перцепција дека прашањата поврзани со родовата еднаквост не се доволно приоритетизирани на институционално ниво.

Дополнителен ограничувачки фактор е отсуството на редовно водење и објавување родово разделени статистички податоци.

Недостигот од вакви податоци ја намалува можноста за следење на степенот на учество на жените, како и за проценка на тоа до кое ниво нивните потреби се интегрирани во локалните политики и програми. Службениците посочуваат и на низок степен на родова сензитивност кај дел од вработените и членовите на Советот на општината, како и на недоволен интерес кај Комисијата за еднакви можности за поактивно вклучување во процесите поврзани со буџетирањето и планирањето.

***Потреби и можности за подобрување на практиките***

Соговорниците нагласуваат дека за подобрување на вклучувањето на жените во граѓанските консултации неопходни се дополнителни човечки ресурси, континуирана едукација на вработените и нивна поголема родова сензитивност и зајакнување на меѓуресорската соработка. Како особено важна се истакнува потребата од повторно воспоставување и унапредување на соработката со женските граѓански организации на локално ниво, како и реафирмирање на претходно докажаните позитивни практики.

Меѓу предложените насоки вклучени се: организирање „отворен ден“ на општината наменет исклучиво за жени, воспоставување план за редовна и структурирана комуникација со жени од руралните средини, меѓуопштинска размена на позитивни искуства и практики, како и зголемување на застапеноста на жените во телата на месната самоуправа.

***Улогата на граѓанските организации***

Општинските службеници ја препознаваат улогата на граѓанските организации како клучна за поттикнување на женското учество и за развој на инклузивни политики. Се посочува дека граѓанските организации учествуваат во креирањето програми и стратегии, и дека постојат одредени форми на соработка, вклучително и преку јавни повици, партнерства и советодавни тела.

Сепак, оценуваат дека оваа соработка не е доволно развиена и континуирана. Како главни предизвици се наведуваат недоволната меѓусебна доверба, селективната комуникација и ограничената транспарентност и отчетност во однос на финансиската поддршка за граѓанските организации. Според нив, зајакнувањето на довербата, воспоставувањето неселективна и редовна комуникација, како и формирањето заеднички работни групи, би можеле значително да придонесат кон поефикасно и инклузивно вклучување на жените во локалните процеси на одлучување.

### 4.1.3 Заклучок

**Наодите од квалитативната анализа во Општина Струмица, добиени од перспективата на жените и од разговорите со општинските службеници, укажуваат на високо ниво на усогласеност во препознавањето на клучните предизвици поврзани со женското учество во локалните процеси на одлучување. Додека жените јасно ги артикулираат бариерите поврзани со недостигот на време, информации, поддршка и безбедни простори за учество, институционалната перспектива ги потврдува овие наоди преку укажување на структурни и системски ограничувања во постојните консултативни практики. Совпаѓањето на овие согледувања упатува на потребата од поинаков, инклузивен и континуиран пристап кон консултациите со жени, кој ќе ги земе предвид специфичните социјални и културни контексти на заедниците. Воедно, двата извори на податоци ја нагласуваат важноста на граѓанските организации како клучен посредник меѓу жените и локалната самоуправа. Овие комплементарни наоди претставуваат силна основа за идентификување клучни (општи) наоди и за формулирање препораки за унапредување на родово инклузивните консултативни практики на локално ниво.**

**4.2 Општина Босилово**

4.2.1 Перцепции и ставови на жените

Во рамки на квалитативната анализа во Општина Босилово спроведени се 100 теренски анкетни прашалници со жени и девојки над 18 години кои живеат во рурални средини. Повеќе од половина од испитаничките имаат завршено средно образование, а 27% високо образование. Најзастапена возрасна група се жените на возраст од 35 до 44 години (56%), додека најмалку се застапени жените над 64 години (1,7%) (Табела бр. 3).

Табела 2: Возрасна структура на испитанички во Општина Босилово

| **Возраст** | **18 - 24** | **25 - 34** | **35 - 44** | **45 - 54** | **55 - 64** | **над 64** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **3** (3%) | **4** (4%) | **56** (56%) | **21** (21%) | **14** (14%) | **2** (2%) |

***Мотивација за вклучување во женски активизам***

Наодите покажуваат дека кај жените од Општина Босилово мотивацијата за вклучување во активности за унапредување на положбата на жените е пред се, поврзана со можноста за личен развој и економско јакнење. За околу половина од испитаничките, клучен поттик претставува стекнувањето нови знаења и практични вештини кои можат директно да се применат во секојдневниот живот.

Притоа, јасно се забележуваат разлики меѓу возрасните групи. Помладите жени (до 44 години) изразуваат интерес за обуки поврзани со пристап до мерки за сопствен бизнис, претприемништво и маркетинг, додека кај повозрасните жени доминира интересот за работилници за изработка на ракотворби и нивно пласирање на пазарот.

Околу една третина од испитаничките истакнуваат дека би биле дополнително мотивирани од можноста за здружување и сојузништво со жени не само од Босилово, туку и од соседните општини. Според нив, ваквото поврзување би придонело за поголемо влијание и заедничко дејствување во насока на намалување на предрасудите за улогата и местото на жената во семејството и локалната заедница.

*„Можноста за учење нови работи, обуки и дружење со жени, размена на искуства и меѓусебна поддршка ми се силна мотивација. Понекогаш и самото чувство дека не си сама е доволно“.* (испитаничка, 35–44 години)



За сите возрасни групи заедничко е чувството дека преку сопствениот ангажман можат да придонесат кон конкретни позитивни промени во квалитетот на животот на жените во заедницата. Поддршката од други жени се издвојува како еден од најзначајните фактори за вклучување.

***Бариери и притисоци за учество***

За разлика од Општина Струмица, жените од Општина Босилово во помал обем чувствуваат директни притисоци и ограничување за вклучување во женски иницијативи и локални консултации. Дел од испитаничките сметаат дека учеството во вакви активности, особено кога се организирани од граѓански организации, придонесува не само за општествени промени, туку и за зголемена социјализација и поврзување меѓу жените.

*„Ништо не ме спречува да се вклучам. Се зависи од личната желба. Ако една жена сака да биде дел од општествените случувања, ќе најде време. Придобивките се бројни – од промени за заедницата, до дружење и споделување искуства“.* (испитаничка, 25–34 години)

Сепак, наодите укажуваат и на постоење значајни бариери. Недостигот од слободно време поради грижата за домот и семејството е најчесто посочуваната пречка и ја наведуваат 22,5% од испитаничките. Дополнително, присутен е и стравот од осуда и „етикетирање“ од околината, особено во контекст на учество во активности поврзани со женски права и активизам:

*„Чувствувам дека сум под лупа кога одам на активности. Сум слушнала коментари дека ‘не и личи на жена да се меша во машки работи’. Тоа понекогаш ме обесхрабрува“.* (испитаничка, 45–55 години)

Недоволната информираност се јавува како сериозна системска бариера. Околу 80% од испитаничките наведуваат дека немаат информации за консултациите што ги организира општината, а речиси две третини не се информирани за работата и активностите на женската група во селото. Кај мал дел од жените (приближно 2%) присутна е и недоверба кон граѓанските организации, кои се перципирани како политички мотивирани.

***Потреби за поддршка и услови за поголема сигурност***

Жените јасно ги артикулираат условите под кои би се чувствувале посигурно и охрабрено да се вклучат во активности на женски групи и во консултациите со општината. Повеќе од половина од испитаничките ја истакнуваат потребата од поддршка околу грижата за децата и домашните обврски. Над 90% нагласуваат дека е неопходна поголема и појасна информираност од страна на општината за можностите за учество во состаноци, средби и настани. Истовремено, се истакнува и потребата од заеднички работилници со вработените во општината, како начин за градење меѓусебна доверба и подобрување на соработката.

*„И жените, но и дел од вработените во општината, сме изложени на манипулации околу родовата еднаквост. Потребни се повеќе информации и едукација за да се надминат овие влијанија“.* (испитаничка, 35–44 години)

Околу една четвртина од испитаничките сметаат дека потребни се едукации за општинската администрација за родово одговорно буџетирање, како и едукации за жените за родовата еднаквост, за локалните политики и програми поефикасно да ги адресираат потребите и на жените и на мажите.

***Очекувања од општината и женските организации***

Наодите покажуваат дека жените од Општина Босилово очекуваат поотворена, подиректна и континуирана комуникација со општината. Речиси 90% од испитаничките сметаат дека се неопходни редовни средби на градоначалникот со жените, најмалку двапати годишно, како начин за градење доверба и зајакнување на нивната мотивација за учество во локалните процеси.

Како важен предуслов за вклучување се истакнува и обезбедувањето функционален и достапен простор за женски активности. Иако општината во минатото доделила простор за користење на жените од село Босилово, дел од испитаничките сметаат дека по појавата на антиродовиот наратив, комуникацијата и поддршката од страна на општината се намалиле. Оттука, се нагласува потребата за обновување на претходно воспоставените добри практики на соработка.

*Не сите жени користат интернет. Понекогаш е доволен постер во продавницата или лична покана за да се чувствуваме вклучени“.* (испитаничка, над 64 години)

Во однос на женските граѓански организации, испитаничките очекуваат поголема отвореност, видливост и приспособување на активностите на интересите и можностите на жените од различни возрасти. Особено се нагласува потребата од користење алтернативни канали за информирање (покрај социјалните мрежи), за да се опфатат и повозрасните жени.

**4.2.2 Перцепции и ставови на општинските службеници**

Разговорите со вработените во општинската администрација укажуваат дека и од институционална перспектива учеството на жените во граѓанските консултации и процесите на локално одлучување се оценува како недоволно. Иако општината редовно организира отворени денови за креирање на буџетот, како и форум во заедницата, според соговорниците, во руралните средини и натаму доминираат традиционалните родови улоги и стереотипи. Сметаат дека ваквите ставови го ограничуваат женското учество.

Како главни бариери се идентификуваат презафатеноста на жените со семејните и земјоделските обврски, недостигот од слободно време и културолошките норми според кои учеството во консултации се перципира како „машка улога“. Дополнително, се посочува и генерална апатија кај населението, која дополнително го намалува интересот за учество во локалните процеси.

На територијата на Општина Босилово не постојат женски граѓански организаци. Во однос на преземените активности и соработка со граѓански организации, службениците наведуваат дека општината има спроведено инклузивен процес за изработка на програма за еднакви можности на жените и мажите, со помош и финансиска поддршка на женска локална организација од околна општина. Според соговорниците, оваа соработка е прекината поради локалниот контекст. Во последните две години не се спроведуваат инклузивни процеси за равој на политики кои ќе одговараат на потребите и на жените и на мажите. Истовремено, општината соработува со тела и програми на меѓународни организации кои работат во областа на родовата еднаквост за развој на родови политики и на активности за родово одговорно буџетирање, што укажува на постоење на институционален интерес за овие теми, но и на селективен пристап кон локалните граѓански актери.

Институционалните предизвици вклучуваат недоволно човечки ресурси, отсуство на систематизирано работно место - координатор/ка за еднакви можности и ограничен општински буџет. Дополнително, се посочува и недостигот од родово разделени статистички податоци, што ја отежнува изработката на политики базирани на реалните потреби на жените.

Како можни насоки за подобрување се истакнуваат: идентификување активистки од секое село кои би делувале како врска меѓу жените и општината и јакнење на капацитетите на општинската администрација и советниците/чките.

**4.2.3 Заклучок**

**Квалитативната анализа во Општина Босилово укажува дека согледувањата на жените и на општинските службеници се надополнуваат и упатуваат на структурни предизвици во однос на женското учество во локалните процеси на одлучување. Недостасуваат системски и инклузивни механизми за вклучување на жените во планирањето на политиките и донесувањето одлуки. Жените ги истакнуваат ограничениот пристап до информации, недостигот на време и влијанието на општествените норми, додека институционалната перспектива дополнително укажува на доминантните традиционални родови улоги и ограничените капацитети на општината. И покрај постењето формални механизми за спроведување консултативни процеси, во пракса тие остануваат недоволно приспособени на реалните потреби на жените. Ваквата состојба резултира со ограничени можности за активно учество на жените во локалните процеси, како и со недоволна интеграција на нивните потреби и приоритети во општинските политики и програми. Ова упатува на потребата од поодржлив и контекстуално сензитивен пристап кон консултациите со жени. Постои јасна потреба од воспоставување транспарентни и континуирани механизми за соработка со женската заедница, како предуслов за унапредување на статусот и положбата на жената и демократизацијата на процесите на одлучување во Општина Босилово.**

### 4.3 Општина Ново Село

#### 4.3.1 Перцеции и ставови на жените

Во рамки на квалитативната анализа во Општина Ново Село спроведени се 100 теренски анкетни прашалници со жени и девојки над 18 години кои живеат во рурални средини. Најзастапени возрасни групи се жените од 35 до 44 години (36%) и од 45 до 54 години (35%), додека најмалку се застапени жените над 64 години (1%) (Табела бр. 4).Над половина од испитаничките имаат завршено средно образование (53%), а 29% високо образование.

Табела 2: Возрасна структура на испитанички во Општина Ново Село

| Возраст | 18 - 24 | 25 - 34 | 35 - 44 | 45 - 54 | 55 - 64 | над 64 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 6 (6%) | 13 (13%) | 36 (36%) | 35 (35%) | 9 (9%) | 1 (1%) |

***Мотивација за вклучување во женски активизам***

Анализата покажува дека кај жените од Општина Ново Село мотивациите за вклучување во активности за унапредување на положбата на жените се силно поврзани со потребата од промена на досегашните исклучувачки практики и со желбата за поголема инклузивност во локалните процеси на одлучување. Повеќе од две третини од испитаничките истакнуваат дека би биле мотивирани од заеднички активности за застапување кои ќе придонесат кон отворање на општината кон сите жени, без селекција и исклучување.

Интеракцијата и почестите средби со други жени се препознаваат како значаен поттик за активизам, особено како можност за размена на искуства, меѓусебна поддршка и солидарност. За речиси една третина од испитаничките, мотивирачки фактор претставува и можноста за стекнување нови знаења и вештини. Како и во останатите општини, и тука се забележуваат разлики во приоритетите според возраста: помладите жени изразуваат интерес за обуки поврзани со практична и одговорна примена на вештачката интелигенција, додека повозрасните жени ја истакнуваат потребата од информации и едукации поврзани со женското здравје и пристапот до социјални и здравствени услуги.

Поддршката од другите жени се наметнува како еден од клучните фактори за вклучување во активности – повеќе од половина од испитаничките нагласуваат дека чувството на заедништво и меѓусебна поддршка значително ја зголемува нивната подготвеност за ангажман.

***Бариери и притисоци за учество***

Наодите укажуваат дека жените од Општина Ново Село се соочуваат со сериозни и повеќеслојни бариери за учество во женски иницијативи и во консултации за локални политики.

Недоволната информираност се издвојува како најизразена системска пречка – повеќе од 90% од испитаничките наведуваат дека немаат информации за консултациите што ги организира општината, ниту за механизмите за граѓанско учество.

*„Не знам каде и на кој начин можам да се вклучам. Никој не нè информира за такви можности“.* (испитаничка, 35–44 години)

Немањето слободно време поради обврските околу домот и семејството, исто така, е значајна бариера и ја посочуваат повеќе од половина од испитаничките.

Дополнително, силно е изразен и стравот од осуда и негативни реакции од околината – над две третини од жените наведуваат дека ваквиот притисок директно ги обесхрабрува да се вклучат во активности поврзани со женски права и јавен ангажман.
*„Во последните години има засилена конзервативна реторика. Ако една жена се вклучи во активности за женски права, веднаш се етикетира. Тоа создава страв и чувство дека не си безбедна да бидеш активна“.* (испитаничка, 18–24 години)
Овие притисоци особено загрижуваат кај помладите жени, кај кои се забележува рано внатрешно прифаќање на ограничувањата и автоцензура во однос на јавниот ангажман.

***Потреби за поддршка и услови за поголема сигурност***

Жените јасно ги артикулираат условите под кои би се чувствувале побезбедно и послободно да учествуваат во активности на женски групи и во консултациите со општината.
Околу една третина од испитаничките ја истакнуваат потребата од поддршка од семејството, особено во делот на грижата за децата и домот.
Речиси сите испитанички (приближно 100%) ја нагласуваат потребата од поголема отвореност, сензитивност и директна комуникација од страна на општината, особено од градоначалникот, кон потребите и ставовите на жените. Организирањето редовни средби со жени се препознава како клучен услов за градење доверба и чувство на припадност.
Дополнително, се истакнува потребата граѓанските организации да спроведуваат едукативни кампањи за механизмите за граѓанско учество и да ги приспособат своите активности на реалните услови на жените, вклучително и преку организирање активности за време на викендите.

***Очекувања од општината и женските организации***

Сите испитанички сметаат дека иницијативата за комуникација и средби со жени треба да биде поддржана и од општината. Како значаен мотивирачки фактор се посочува обезбедувањето соодветен простор за организирање активности – безбеден простор за средби, дружење и планирање, при што дел од просторот би бил прилагоден како детско катче, за да се овозможи учество и на жени со мали деца.
Жените јасно очекуваат инклузивен пристап од страна на градоначалникот и општината, без исклучување врз основа на различни ставови:
*„Градоначалникот треба да биде градоначалник на сите жени и мажи. Различните ставови не смеат да бидат причина за исклучување – тоа е суштината на демократијата“.* (испитаничка, 45–54 години)



Во однос на граѓанските организации, испитаничките нагласуваат потреба од поголема видливост и присуство и во Општина Ново Село. Се очекува развивање мрежи за комуникација, почести средби, едукација и активности приспособени на потребите на жените од различни возрасти и со различна припадност. Особено се вреднуваат практичните обуки кои можат директно да придонесат кон економско и лично зајакнување на жените.

#### 4.3.2 Перцепции и ставови на општинските службеници

И покрај преземените напори за остварување разговори со општинските службеници во Општина Ново Село.ваков вид консултации не беа реализирани. По остварен телефонски контакт и доставено официјално барање за спроведување разговори, градоначалникот на општината не дозволи влез и спроведување на планираната активност. Како причина беше посочена родовата еднаквост.

#### 4.3.3 Заклучок

**Наодите од квалитативната анализа укажуваат на сериозни предизвици за женското учество во Општина Ново Село.**

**Жените се соочуваат со структурни и институционални бариери кои го ограничуваат нивното учество во локалните процеси на одлучување. Недостигот на функционални месни заедници, постојните културолошки бариери и ограничената поддршка од општинската администрација ја намалуваат нивната мотивација за активно учество. Податоците укажуваат на ниско ниво на информираност за можностите за учество во консултативни процеси, ограничен простор за директна комуникација со локалните власти и чувство на исклученост од процесите на одлучување кои директно влијаат врз нивниот секојдневен живот. Тие јасно ја истакнуваат потребата од повеќе информации, услови и институционална поддршка за вклучување. Отсуството на воспоставени и функционални механизми за учество дополнително го засилува јазот помеѓу локалната власт и женската заедница. Овие согледувања упатуваат на потребата од воспоставување системски, инклузивни и континуирани механизми за консултации со жените, адаптирани на нивните специфични услови и потреби.**

**Наодите укажуваат и на сериозни структурни ограничувања во однос на транспарентноста и отвореноста на локалната самоуправа за комуникација и соработка со граѓанските организации. Во овој контекст, особено значаен е фактот што за потребите на истражувањето, не беше овозможено спроведување разговори со општинските службеници, поради недобивање согласност од страна на градоначалникот. Ваквата состојба директно влијаеше врз можноста за согледување на институционалната перспектива за прашањата поврзани со женското учество во локалните процеси на планирање и донесување одлуки, како и врз идентификување на предизвиците, капацитетите и подготвеноста на општината за примена на инклузивни практики. Недозволувањето институционален пристап и ограничувањето на дијалогот со општинската администрација укажуваат на потреба од итно унапредување на транспарентноста, отчетноста и практиките на вклучување на граѓаните, особено жените, во процесите на креирање и имплементација на локалните политики.**

**Оттука, може да се заклучи дека Општина Ново Село се соочува со изразена потреба од воспоставување отворени, инклузивни и јасно дефинирани механизми за комуникација и соработка со граѓанските организации и женската заедница, како предуслов за унапредување на демократските процеси и интегрирање на родовата перспектива во локалното владеење.**

## 5. ОПШТИ ЗКЛУЧОЦИ

Анализата на состојбата со учеството на жените во локалните процеси на планирање и одлучување во општините Струмица, Босилово и Ново Село укажува на постоење повеќеслојни и меѓусебно поврзани бариери кои го ограничуваат нивниот активен и континуиран ангажман.

И покрај формалното постоење на механизми за граѓанско учество, тие во пракса не обезбедуваат еднакви и реални можности за вклучување на жените, особено на оние од руралните средини.

- Може да се заклучи дека женското учество во локалните консултативни процеси е ниско, несистемско и најчесто симболично. Жените ретко се вклучени во континуирани процеси на креирање и следење на локалните политики, а нивното учество најчесто не резултира со видливи промени или повратна информација. Ова создава чувство на недоверба и ја намалува мотивацијата за понатамошен ангажман.
- Недоволната и несоодветна информираност се јавува како клучна системска пречка во сите три општини. Начинот и каналите преку кои општините ги информираат граѓанките не се приспособени на различните животни околности, возрасни групи и социјални контексти на жените. Отсуството на навремени, јасни и достапни информации директно го ограничува пристапот на жените во консултативните процеси.
- Структурните ограничувања поврзани со грижата за домот, семејството и економската несигурност значително го намалуваат капацитетот на жените за активно учество во јавниот живот. Формалната еднаквост во пристапот до консултации не ги зема предвид овие реални нееднаквости, што резултира со исклучување на значителен дел од жените, особено од руралните заедници.
- Културолошките норми, стравот од осуда и доминантните општествени наративи имаат силно влијание врз подготвеноста на жените да се вклучат во јавни и политички процеси. Притисоците од околината доведуваат до автоцензура и повлекување, дури и кај жени кои имаат интерес и потенцијал за активизам. Ова укажува дека бариерите не се само индивидуални, туку длабоко вкоренети во поширокиот социјален контекст.
- Анализата покажува дека институционалните капацитети за системско поттикнување на женското учество се ограничени. Недостигот од човечки ресурси, отсуството на систематизирани позиции за еднакви можности, недоволната родова сензитивност и недостигот од родово разделени податоци ја отежнуваат изработката и реализацијата на политики базирани на реалните потреби на жените.
- Постои селективен пристап во примената на принципите на родова еднаквост и во соработката со граѓанските организации, при што локалните женски организации и женските гласови се почесто се исклучени од консултативните процеси. Ваквата практика го продлабочува јазот меѓу формалните заложби и реалната практика, ја нарушува довербата и дополнително ги маргинализира жените во локалните процеси на одлучување.
- Граѓанските организации, особено женските организации на локално ниво, претставуваат клучен, но недоволно искористен ресурс за подобрување на консултативните практики и за зголемување на женското учество. Без нивно активно и неселективно вклучување, напорите на општините за инклузивно локално владеење остануваат ограничени и недоволно ефикасни.
- Состојбата во трите општини упатува на потребата од инклузивен, системски и континуиран пристап кон женското учество во локалните процеси, кој ќе ги земе предвид специфичните животни услови на жените, ќе ги адресира институционалните слабости и ќе обезбеди еднаков, транспарентен и недискриминирачки пристап кон сите релевантни локални актери.



## 6. ПРЕПОРАКИ

Врз основа на наодите и заклучоците од анализата за состојбата со учеството на жените во локалните процеси на планирање и одлучување во општините Струмица, Босилово и Ново Село, произлегуваат следниве препораки:

### 6.1 Препораки за единиците на локалната самоуправа

***Воспоставување родово инклузивни и континуирани консултативни процеси***

Општините да воспостават редовни, структуирани и предвидливи консултации со жени, наместо ад-хок или еднократни настани. Овие процеси треба да обезбедат следење на предлозите, повратна информација и јасно комуницирање на резултатите од учеството.

***Подобрување и диверзификација на каналите за информирање***

Информирањето за консултациите и можностите за учество да се врши преку различни и комбинирани канали (огласни табли, локални медиуми, директна теренска комуникација, социјални мрежи), со цел да се опфатат жени од различна возраст и од различни средини.

***Организирање посебни консултации и средби со жени***

Општините да организираат редовни средби со жени (на пр. најмалку двапати годишно), како безбедни и инклузивни простори за изразување на нивните потреби и ставови, особено за жени од руралните средини и маргинализираните групи.

***Обезбедување практични услови за учество***

При планирање на консултациите, општините да ги земат предвид обврските на жените, преку флексибилни термини, локално одржување на средбите, како и обезбедување просторни услови (детски катчиња, достапност на просториии).

***Јакнење на институционалните капацитети за родова еднаквост***

Да се иницира систематизација или јасно дефинирање на одговорностите за еднакви можности, да се обезбедат обуки за родова сензитивност за вработените и советничките/чките и да се унапреди собирањето и користењето на родово разделени податоци во планирањето и буџетирањето.

***Воспоставување транспарентни и неселективни критериуми за соработка со граѓанските организации***

Општините да развијат јасни правила и процедури за соработка со граѓанските организации, засновани на еднаков третман, транспарентност и недискриминација, со цел да се избегне селективно исклучување на локалните женски актери.

### 6.2. Препораки за граѓанските организации

***Јакнење на теренската работа и директната комуникација со жените***
Граѓанските организации да продолжат и да ја унапредат теренската работа, преку директен контакт, локални активности и адаптација на активностите на реалните услови и слободното време на жените.

***Развој на доверба и чувство на припадност***
Женските организации да креираат инклузивни простори и активности во кои секоја жена ќе се чувствува добредојдена и прифатена, независно од возраст, политичка припадност или лични ставови.

***Јавно застапување за неселективна институционална соработка***
Да се засили застапувањето за еднаков и транспарентен пристап на општините кон сите граѓански организации, особено во делот на консултациите и развојот на локалните политики.

***Градење локални женски мрежи и сојузништва***
Да се поттикнува поврзување и соработка меѓу жени од различни општини и заедници, со цел размена на искуства, заемна поддршка и заедничко дејствување.



Струмица, 2025